# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 1 Понеделник, 12 Февруари 2024 Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за давање согласност за кофинансирање за реализација на проект "Развој и унапредување на условите за одржување на хигиената на јавни површини во општините во Демир Капија и Неготино"*..........
2. *Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот* ***"Надградба на дел од канализациона мрежа и колекторски систем за одведување на отпадни води до локација на ПСОВ 1 за град Демир Капија – Колектор 2"***..........
3. *Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот* ***"Реконструкција на каптажи – дел од водоснабдителниот систем на село Бесвица општина Демир Капија"***..........
4. *Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот* ***"Реконструкција на општински објект – Музеј на Демир Капија - Општина Демир Капија"***..........
5. *Одлука за одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2024 година" – Демир Капија*..........
6. *Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2024 година*..........
7. *Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2024 година*..........
8. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2023 година*..........
9. *Заклучок за усвојување на Извештај за "Св.Трифун 2023" година*..........
10. *Јавна објава*..........

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за кофинансирање за реализација на проект "Развој и унапредување на условите за одржување на хигиената на јавни површини во општините во Демир Капија и Неготино"**

Се објавува Одлука за давање согласност за кофинансирање за реализација на проект "Развој и унапредување на условите за одржување на хигиената на јавни површини во општините во Демир Капија и Неготино", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/1
12.02.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2022), а во врска со Договорот за реализација на проект "Развој и унапредување на условите за одржување на хигиената на јавни површини во општините во Демир Капија и Неготино" бр.12-317/3 од 24.11.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 09.02.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За давање согласност за кофинансирање за реализација на проект "Развој и унапредување на условите за одржување на хигиената на јавни површини во општините во Демир Капија и Неготино"

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во проектот "Развој и унапредување на условите за одржување на хигиената на јавни површини во општините во Демир Капија и Неготино" за обезбедени 19,22% или 200.000,00 денари со ДДВ, од потребните средства за реализација.

Член 2

Вкупната вредност на проектот за општините во Вардарски плански регион изнесува 9.367.200,00 денари. Средствата ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој. Вардарски плански регион на општина Демир Капија доделува средства во износ од 1.040.800,00 денари. Средствата се наменети за набавка на приклучна механизација во општина Демир Капија која ќе се реализира преку Центарот за развој на Вардарски плански регион.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 124/3
09.02.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот "Надградба на дел од канализациона мрежа и колекторски систем за одведување на отпадни води до локација ПСОВ 1 за град Демир Капија-Колектор 2"**

Се објавува Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот "Надградба на дел од канализациона мрежа и колекторски систем за одведување на отпадни води до локација ПСОВ 1 за град Демир Капија-Колектор 2", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/2
12.02.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2022), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 09.02.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот **„Надградба на дел од**

**канализациона мрежа и колекторски систем за одведување на отпадни води до локација на ПСОВ 1 за град Демир Капија – Колектор 2“**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во предлог – проектот ,,Надградба на дел од канализациона мрежа и колекторски систем за одведување на отпадни води до локација на ПСОВ 1 за град Демир Капија – Колектор 2’’ за обезбедени 32,42% или 2.000.000,00 денари со ДДВ, од потребните средства за реализација.

Член 2

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 6.169.253,00 денари со ДДВ.

Општина Демир Капија како корисник на средствата од Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/2024), во целост е одговорна за реализацијата на предлог – проектот. Финансиската поддршка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за реализација на предлог – проектот од Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година изнесува 67,58% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за реализација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 124/4<br>09.02.2024 година<br>Демир Капија

Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот "Реконструкција на каптажи - дел од водоснабдителниот систем на село Бесвица Општина Демир Капија"**

Се објавува Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот "Реконструкција на каптажи - дел од водоснабдителниот систем на село Бесвица Општина Демир Капија", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/3<br>12.02.2024 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2022), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 09.02.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот **„Реконструкција на каптажи – дел од водоснабдителниот систем на село Бесвица Општина Демир Капија“**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во предлог – проектот ,, Реконструкција на каптажи – дел од водоснабдителниот систем на село Бесвица Општина Демир Капија’’ и за обезбедени 25% или 323.944,00 денари со ДДВ, од потребните средства за реализација.

Член 2

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 1.295.777,00 денари со ДДВ.

Општина Демир Капија како корисник на средствата од Програмата за управување со водите за 2024 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/2024), во целост е одговорна за реализацијата на предлог – проектот. Финансиската поддршка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за реализација на предлог – проектот од Програмата за управување со водите за 2024 година изнесува 75,00% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за реализација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 124/5

Претседател на Совет на

09.02.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот "Реконструкција на општински објект – Музеј на Демир Капија – Општина Демир Капија"**

Се објавува Одлука за давање согласност за финансиско учество во предлог-проектот "Реконструкција на општински објект – Музеј на Демир Капија – Општина Демир Капија", што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/4 Градоначалник на
12.02.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2022), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 09.02.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За давање согласност за финансиско учество во предлог – проектот **„Реконстрикција на општински објект – Музеј на Демир Капија – Општина Демир Капија“**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за сопствено учество во предлог – проектот „ Реконстрикција на општински објект – Музеј на Демир Капија – Општина Демир Капија'' за обезбедени 36,43% или 1.680.964,00 денари со ДДВ, од потребните средства за реализација.

Член 2

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 4.613.664,00 денари со ДДВ.
Општина Демир Капија како корисник на средствата од Програмата за користење на капитални дотации за инвестициони проекти во областа на културата за 2024 година, во целост е одговорна за реализацијата на предлог – проектот. Финансиската поддршка од страна на Министерството за култура за реализација на предлог – проектот од Програмата за користење на капитални дотации за инвестициони проекти во областа на културата за 2024 година изнесува 63,57% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за реализација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија“.

Број 08 – 124/6 Претседател на Совет на
09.02.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2024 година" – Демир Капија**

Се објавува Одлука за одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2024 година" – Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/5 Градоначалник на
12.02.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXXI седница одржана на ден 09.02.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За одобрување на Програма за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2024 година" - Демир Капија**

**Член 1**

Советот на Општина Демир Капија ја ОДОБРУВА Програмата за организирање на манифестацијата "Св.Трифун 2024 година" - Демир Капија.

**Член 2**

За реализирање на Програмата се одобруваат финансиски средства во висина од **400.000,00 (четиристотиниилјади) денари,** кои средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија.

**Член 3**

Програмата од член 1 е составен дел од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 124/7
09.02.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/6
12.02.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст ("Службен весник на РСМ" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 09.02.2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

### I.ВОВЕД

Годишната програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2024 година е документ со кој се планираат годишните активности на општината на полето на еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година. Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Демир Капија за 2024 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општественото живеење.

Почитувајќи го принципот на еднакви можности, локалната власт може да направи значајни промени и поместувања кои ќе доведат до подобра положба на жените во општината, при тоа правејќи анализи за родовата рамноправност и детектирајќи ги слабостите, подобрувајќи го пристапот на жените и останатите маргинализирани групи граѓани до инфраструктурата; подобрувајќи го планирањето и употребата на земјиштето; зголемувајќи го промовирањето на жените на раководните функции и добрите работни места како и претприемачкиот капацитет на жените; промовирајќи го спортот и рекреацијата кај женската популација и маргинализираните групи на граѓани. Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација на Комисијата за еднакви можности, Координаторот за еднакви можности и со многубројните локални институции и организации да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество. Доколку сакаме да изградиме заедница што се базира на еднаквост, многу е значајно локалната власт целосно да ја земе во предвид половата димензија и да ја вметне во своите правила на управување, организација и практично работење. Во времето во кое живееме, а секако и во иднина, вистинската еднаквост помеѓу мажите и жените е исто така клучот за нашиот економски и социјален успех - не само на локално туку и национално ниво. Основна цел на овој програмски документ е да се се

обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност во општината .

Општина Демир Капија во соработка со Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Совет на Општина Демир Капија, Здруженија на граѓани кои работат во сферата на родовата еднаквост изработи Предлог – Програма за еднакви можности за 2024 година опфаќајќи ги приоритетни области на делување, управување со човечки ресурси, социјална заштита, економски развој, човекови права и здравство.

**II. ЦЕЛ на Програмата** е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С.Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорира родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапреди состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националната стратегија за родова еднаквост 2021-2026 и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Главна задача на Општината** и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и на обезбедување еднакви можности за мажите и жените на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Како задача е и вклучување на родовиот концепт во процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за остварување на еднаквост меѓу жените и мажите. Преку промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите се влијае на отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и се воспоставуваат услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Во тој контекст постигнувањето на родова рамноправност значи да се работи со мажите и жените во сите сектори, но со посебен осврт на оние кои ги донесуват одлуките и кои влијаат на политиките и активностите на локално и на национално ниво.

## III. ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### 1. Управување со човечки ресурси

Развојот на капацитетите на човечките ресурси на локалната администрација и на членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е неопходност заради вметнување на родовата компонента во сите локални политики. Преку реализирање на едукативни работилници, обуки, семинари би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси во општината и членовите на комисијата и би се подигнала свеста за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот, а посебно во процесите на одлучување. Една од можностите за напредок е да се соработува со Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Северна Македонија и да се соработува со соседни општини и комисии за еднакви можности поддржувајќи добри примери и практики од општините и комисиите кои покажале извесен напредок по одредено прашање (општина со општина).

### 2. Социјална заштита

Социјалната заштита како систем на мерки, активности и политики, е насочена кон спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен секој човек, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и сопствена заштита. Сé уште во нашето општество се прикажува родова диспропорција во бројот на евидентирани машки и женски корисници на услуги во различни категории. Жените се јасно препознаени како доминантно евидентирани жртви на семејно насилство, носителки на згрижувачки семејства, жртви на трговија со луѓе, лица што сакаат да стапат во брак пред полнолетство, а мажите како лица што злоупотребуваат дрога или други психотропни супстанции, сторители на семејно насилство или сторители на малолетничка деликвенција.

### 3. Економски развој

Економскиот развој претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост, која во себе содржи повеќе елементи насочени кон: елиминација на разните форми на дискриминација, промовирање на повеќе и подобри работни места за жените, во смисла на број на вработени и квалитет на вработувањето и на крај намалувањето на феминизацијата на сиромаштијата, промовирање на социјално претприемништво.

**4. Човекови права**

Во оваа област општината и Комисијата при општина Општина Демир Капија ќе работи на унапредувањето на женските човекови права и родовата еднаквост, преку спроведување на кампањи, трибини и други активности, насочени кон подигнување на свеста и знаењето на јавноста за своите фундаментални права, препознавање на дискриминација по основа на пол, со цел воспоставување на еднакви можности и отстранување на сите видови на дискриминација.

**5. Здравство**

Здравството претставува значајна област во која е неопходно инкорпорирање на родовата компонента. Во оваа област покрај општината ќе се вклучи и Комисијата при Општина Демир Капија кои ќе се залагаат за подобрување на здравјето кај жените преку преземање на активности за подигање на свеста на жените за редовни гинеколошки и мамографски прегледи.

Општина Демир Капија заедно со општините Кавадарци, Неготино и Росоман со финансиски средства учествува во формирањето на Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство со седиште во Кавадарци. Финансиските средства со кои што ќе учествува општина Демир Капија за обезбедување на одржливоста на регионалниот центар за 2024 година се во износ од 50.000,00 денари. Советувалишниот центар заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при општина Демир Капија и Координаторката за еднакви можности ќе организираат активности и акции кои во наредниот период во 2024 година ќе се реализираат се со цел да се запознаат што е можно поголем број на лица за постоењето на овој центар и заштитата и можностите кои што истиот ги нуди. Дел од активностите кои се предвидени да се реализираат за 2024 година, ќе бидат вклучени како активности во оваа Програма.

**ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА за 2024 година**

| ОБЛАСТ | АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ОДГОВОРНИ | ИНДИКАТОРИ | БУЏЕТ НА ОПШТИНА |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | 1.1. Спроведување на обуки на советниците на Советот и вработените во Општина Демир Капија за родовиот концепт и за воведување на родовата компонента во процесите на програмирање и буџетирање, како и информирање на истите за присуство на трибини и обуки кои се организираат од страна на меѓународни и локални граѓански организации и од страна на Комисијата за еднакви можности како работно тело на Собранието на Република Северна Македонија. | Континуирано во текот на 2024 година | Координаторка за еднакви можности, локална НВО и експерти ангажирани од меѓународни и домашни организации | Најмалку 3 обуки одржани на тема родова еднаквост и родово одговорно буџетирање;<br><br>Најмалку 7 лица обучени на тема родова еднаквост и родово одговорно буџетирање. | 30.000,00 |
| | 1.2. Ажурирање и анализа на родово разделена статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано во текот на 2024 година | Општина, Јавни претпријатија, ЦСР, градинка, здравен дом, Основно училиште, АВРСМ, Дом на култура | Редовно пополнување на воспоставениот систем за прибирање на родово разделени податоци | Нема финансиски импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | 2.1. Одбележување на 16 дена активизам за борба против родово базирано насилство *Организирање на настани за подигање на свест за родово базирано насилство (изработка на флаери, спроведување на улични акции и кампањи во руралните средини, одржување на едукативна работилница за ученичка популација, одржување на јавна трибина на тема родово базирано насилство) | Ноември – Декември 2024 година | КЕМ, Координаторка, локална НВО, Регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство | -бројот на испечатени флаери -три улични акции во руралните средини -најмалку 20 ученици присутни на едукативна работилница -бројот на присутни на јавна трибина на тема родово базирано насилство | 45.000,00 |
| | 2.2 Организирање на средби на територијата на општина Демир Капија и населените места и презентација на Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство | Континуирано во текот на 2024 година | КЕМ, Координаторка, НВО, Регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство | Најмалку 2 организирани активности | Финансиско учество на општината за 2024 година - 50.000,00 |
| | 2.3 Едукативни работилници за намалување на булингот во училиштата | Континуирано во текот на 2024 година | КЕМ, Училиште,МВР , НВО | Најмалку 1 организирана Активност, најмалку 20 ученици присутни на едукативна работилница | 5.000.00 |
| | 2.4 Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат стручните образовни профили | Април/Мај 2024 година | КЕМ, Училиште, Ангажирање на професори од средните училишта за промовирање на различни профили на образование | Најмалку 2 организирани презентации, Присутни ученици од 9-то одделение | 10.000,00 |
| | 2.5 Организирање на хуманитарни акции за стари и изнемоштени лица и социјално загрозени семејства | Март/Декември 2024 година | КЕМ,ОССЗ,ЦСР, НВО, Црвен крст, МТСП, Здружение на пензионери | Најмалку 2 хуманитарни акции, опфатени пензионери со ниски примања и социјално загрозени семејства | 10.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.6 Организирање на настан за подигање на свеста кај граѓаните за лицата со посебни потреби и нивните права | Декември 2024 година | КЕМ,ОССЗ,ЦСР, НВО, МТСП, ангажирани експерти од областа | Организирана трибина на 03.12- Меѓународен ден на лицата со посебни потреби | 17.000,00 |
| **03. ЕКОНОМСКИ И РАЗВОЈ** | 3.1. Организирање и спроведување на информативна работилница со претставници на АВРМ (посебно за мерки за вработување, посебно за програми за дообразование, преквалификација и доквалификација) | | АВРМ, Општина Демир Капија, КЕМ, Координаторка, локална НВО | Најмалку 1 организирана активност; Најмалку 10 лица кои се информирани за мерките за вработување | 5.000.00 |
| | 3.2.Организирање на информативни настани за презентирање на можностите и мерките за жени-земјоделки | Јуни 2024 година | АФПЗРР, Општина Демир Капија, КЕМ, Координаторка, локална НВО | Најмалку 1 организирана активност; Најмалку 8 жени земјоделки кои се информирани за можностите и мерките за жени земјоделки | 15.000,00 |
| **4. ЧОВЕКОВИ ПРАВА** | 4.1. Идентификување и јакнење на капацитети на жени од рурални средини за мобилизација на жени за учество во процеси на одлучување и буџетирање и идентификување на потребите и приоритетите на жените (одржување на фокус групи,спроведување на партиципативно истражување преку анкетирање на жените од руралните средини, обработка на податоци и изработка на извештај) | Април-Октомври 2024 година | КЕМ, Координаторка, локална НВО | Бројот на анкетирани жени од руралните средини (најмалку 40), изработен извештај -одржани 3 фокус групи со жените од руралните средини | 48.000,00 |
| | 4.2. Одржување на консултативни состаноци со жените од руралните средини за утврдување на нивните приоритетни потреби и предлог проекти за задоволување на идентификуваните потреби | Јуни-Декември 2024 година | КЕМ Координаторка, локална НВО | Одржани најмалку два консултативни состаноци најмалку 20 жени присутни на состаноците | 20.000,00 |
| | 4.3. Одржување на едукативна работилница за учество на жените во процесот на планирање мерки за намалување на родовата нееднаквост во општина Демир Капија | Октомври 2024 година | КЕМ Координаторка, локална НВО | Најмалку 15 жени едуцирани за формите на учество на жените во процесот на планирање мерки за | 25.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | намалување на родовата нееднаквост во општина Демир Капија | |
| **5. ЗДРАВСТВО** | 5.1.Спроведување на активности/кампањи по повод месец на борба против рак на дојка и навремена здравствена заштита на жените | Октомври 2024 година | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицинки центар, и НВО | Најмалку 1 Спроведена активност, Најмалку 10 информирани жени | Изработка на флаери – 5.000.00 |
| | 5.2.Спроведување на активности за зголемување на свесноста за здравствените проблеми кај мажите (рак на простата) | Ноември 2024 година | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицинки центар и НВО | Најмалку 1 спроведена активност Најмалку 10 информирани мажи | Изработка на флаери – 5.000.00 |
| | 5.3. Спроведување на активности за превенција и заштита од користење на алкохол, дрога и психотропни супстанци кај учениците и младите | Септември-Декември 2024 година | КЕМ, Здравствени институции, Училиште,МВР, НВО | Најмалку 1 спроведена активност Најмалку 20 информирани ученици/млади | Изработка на флаери – 5.000.00 |
| | 5.4 Информирање на граѓаните за важноста од редовни превентивни прегледи и симптоми на болести и последици од ненавремено дијагностицирање на истите (психосоматски заболувања, висок крвен притисок, дијабетес) | Септември-Декември 2024 година | КЕМ во соработка со матични лекари, Медицинки центар, и НВО | Најмалку 1 Спроведена активност, Најмалку 20 информирани лица | Изработка на флаери – 5.000.00 |

За реализација на целите на Програмата, Општина Демир Капија ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително и граѓански организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

## IV. МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** - Организирани за координација помеѓу КЕМ, Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;
- **Дискусионо обучувачки методи** - ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти.
- **Истражувачко аналитички методи -** ќе се користат при анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни методи -** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни методи** - ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.
- **Финансиско сметководствени методи** - ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 300.000.00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2024 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Демир Капија.

## VI. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Демир Капија ќе го следи текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 124/8<br>09.02.2024 година<br>Демир Капија

Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/7<br>12.02.2024 година<br>Демир Капија

Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 11 и член 142 став 5 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина

Демир Капија на XXXI седница одржана на ден 09.02.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки но и активности, со кои се спречуваат или надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани кои имаат потреба од помош за да се надмине состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на поединецот или семејството.

## II. ЦЕЛИ

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита да бидат насочени кон остварување на следните приоритетни цели:

- Обезбедување на рационално и ефикасно задоволување на потребите и интересите на населението на општина Демир Капија во областа на социјалната заштита, во рамките на буџетските можности;
- Зајакнување на соработката со релевантните институции ЦСР Неготино, АВРСМ, образовните институции, во насока на намалување на социјалните и здравствените проблеми со кои се соочува населението во Општина Демир Капија;
- Зајакнување на јавната свест за потребата од подршка на решавање на социјалните проблеми во општината;
- Подобрување на стандардот на населението и нивото на здравствената едукација.

## III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

### III.1 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓените и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

**ПЛАНИРАНИ АТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА КОИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ ВО ТЕКОТ НА 2024 ГОДИНА**

**1. Еднократна парична помош за потребите на лице или семејство**

Еднократна парична помош се доделува на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес), на лице или член на семејството кое има потреба од оперативен зафат или лекување во здравствена установа.

Правото на еднократна парична помош се оствaрува со поднесување на барање до надлежна комисија на Советот на општина Демир Капија со прилог на потребна документација:

- копија од важечка лична карта;
- записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес);
- медицинска документација за лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа);
- решение од надлежен центар за

социјална работа;

За секое поединечно барање Комисијата се изјаснува со одобрување или неодобрување со предлог за висината на одобрениот износ. Врз основа на позитивното мислење од надлежната комисија Советот донесува решение за одобрување на еднократна парична помош.

- Износот на еднократна парична помош изнесува најмалку 3.000 денари.

  - Вкупно финансиски средства: **150.000** денари.

**2. Помош во натура**

Под помош во натура се подразбира обезбедување на облека и други средства неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството.

Општината во соработка со невладини организации и здруженија на граѓани ќе организира хуманитарни акции за помош на социјално загрозените лица (собирање на облека, храна, покуќнина и сл).

**3. Општинско корисна работа**

Веќе неколку години се спроведува проект во соработка со UNDP преку кој се овозможува обука на невработени лица за здобивање со стручни квалификации за вршење на одредени работи и задачи, а истиот се планира да продолжи. Преку оваа социјална услуга директно се обезбедува помош и можност за вработувања на маргинализираните лица на територијата на општината. Преку работното ангажирање невработените лица се стекнуваат со вештини и работно искуство, со што во иднина ќе можат полесно да се вклучат во пазарот на трудот.

Потребите средства за реализација на овој проект ќе се обезбедат преку донација од UNDP и од Буџетот на општината за 2024 година.

**4. Јавни работи**

Веќе неколку години се спроведува проект во соработка со Агенцијата за вработување за работно ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи, а истиот се планира да продолжи. Преку оваа услуга општината врши работно ангажирање на невработени лица со ниски квалификации и приматели на социјална помош.

Потребите средства за реализација на овој проект ќе се обезбедат од Буџетот на АВРСМ (80%) и од Буџетот на општината за 2024 година (20%).

**5. Народна кујна**

Веќе неколку години се спроведува проект "Народна кујна" во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Неготино и ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија со кој се обезбедува топол оброк за лица со социјални проблеми. Корисници на оваа услуга се приматели на социјална помош и лица воо социјален ризик..

На овој начин се овозможува подобрување на квалитетот на животниот стандард на оваа социјално ранлива категорија на лица.

Потребите средства за реализација на овој проект се обезбедени од МТСП.

**6. Сервисни услуги за стари лица во нивните домови**

Овој проект е планиран да се реализира во соработка со МТСП преку проектот за подобрување на социјалните услуги.

- Вкупно финансиски средства: **150.000** денари.

**7. Набавка на социјални пакети** за лица од социјално ранливи категории, корисници на Народна кујна.

- Вкупно финансиски средства: **30.000** денари.

**8. Новогодишни пакетчиња за деца од семејства во социјален ризик**

- Вкупно финансиски средства: **30.000** денари.

**III.2 ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Помеѓу надлежностите на Општината од областа на заштита на децата се вбројува и давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување,

грижа и заштита на децата, како и згрижување и воспитание на децата.

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ТЕКОТ НА 2024 ГОДИНА СЕ СЛЕДНИТЕ:**

**1. Еднократна парична помош за новородено дете**

Општината ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца и тоа:
- Еднократна прична помош за првото дете родено во Новата година и
- Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2024 година.

Право на еднократна парична помош за новороденче родено на територијата на Република Северна Македонија има еден од родителите со постојано место на живеење во Општина Демир Капија.

Еднократната парична помош изнесува:

- **10.000 денари, за првото дете родено во Новата година,**
- **6.000 денари, за секое новородено дете и**
- **15.000 денари, во случај кога мајката ќе роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).**

Градоначалникот на Општина Демир Капија донесува Решение за одобрување на еднократна парична помош за новороденче врз основа на претходно поднесено барање (во рок од 90 дена од раѓањето на детето) од еден од родителите на детето.

Барателот кон барањето е должен да достави:
- копија од лична карта од родителите,
- извод од матична книга на родените (за новороденчето) и
- трансакциона сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата и се поттикнува наталитетот, општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината.

Вкупно финансиски средства: **100.000** денари.

**2. Партиципација во трошоците за детска градинка**

Партиципацијата, како право за заштита на децата, претставува ослободување на дел од цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца.

Правото на партиципација се остварува
- за дете на кое материјалната состојба на семејството е нарушена поради претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес и друго) и
- за самохран родител кој е корисник на гарантирана минимална помош согласно Законот за социјална заштита за дете згрижено во јавна установа за деца-детска градинка

**3. Стипендии за ученици и студенти**

Општината согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на општински стипендии на ученици и студенти во Општина Демир Капија, врз основа на јавен повик доделува

- 3 (три) стипендии на ученици од III и IV година во средно образование
- 3 (три) стипендии на редовни студенти запишани на прв циклус студии на државни факултети во РСМ, со завршена најмалку една година од студиите во високото образование

Висината на стипендиите е:

2.000 денари за ученици месечен износ во времетраење од 9 (девет) месеци и

3.000 денари за студенти месечен износ во времетраење од 9 (девет) месеци.

Притоа општината за првенец на генерацијата за учебната 2023/2024 во ООУ Димче А.Габерот ќе обезбеди надоместок во висина од 6.000 денари.

Вкупно финансиски средства: **141.000** денари.

**4. Субвенционирање на првачиња на територијата на Општина Демир**

**Капија**

Општината ќе обезбеди пакетче со училишен прибор за првачињата во ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија.

- Вкупно финансиски средства: **30.000** денари.

**III.3 ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Во поглед на надлежностите во сферата на здравствената заштита на територијата на општината, активно ќе се вклучиме во промовирањето на здрави стилови на живеење, подигнување на јавната свест и здравствената култура со цел намалување на опасностите и здравствените проблеми кај граѓаните.

Општината ќе поддржи проекти кои ќе се однесуваат на промоција и унапредување на правата на пациентите, поддршка на кампањи за подигнување на јавната свест за сопственото здравје, ќе ги информира граѓаните за состојбата на евентуални заразни болести на територијата на Општината и секако ќе се вклучи активно во организирање на трибини и советувања од областа на здравствената заштита.

1. **Здравствено воспитување на населението преку организирање на едукативни трибини**

- Вкупно финансиски средства: **30.000** денари.

2. **Проект "Сензорна соба"**

Обезбедување просторија и создавање услови за опремување на сензорна соба. Овој проект ќе придонесе за суштинска вклученост на учениците со попреченост во редовните училишта и подобрување на пристапноста и инклузивноста на училиштата.

Со опремувањето на сензорна соба ја подигаме свесноста за создавање заедница во која сите деца ќе имаат еднакви можности за раст и развој.

Потребите средства за реализација на овој проект се планира да се обезбедат преку донација.

3. **Поддршка на здруженија кои ќе организираат одбележување на значајни датуми од областа на здравјето**

- Вкупно финансиски средства: **9.000** денари.

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите предвидени со Програмата ќе се финансираат од средства на Буџетот на Општина Демир Капија за 2024 година, донации и други извори.

**V. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности кои ќе се помагаат од Буџетот на Општина Демир Капија се:

-обезбедување на стручна и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

-организирање на протоколарни средби за воспоставување соработка на претставници од општината со потенцијални донатори и проекти од областа на социјалната и здравствената заштита;

-поддршка на реализирање проектни активности реализирани од здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Демир Капија, со средства од општинскиот буџет и други извори на средства.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија", а ќе се применува од 01 јануари 2024 година.

Број 08 – 124/9
09.02.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2023

година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/8
12.02.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 11 став 1 алинеја 8 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Демир Капија на XXXI седница одржана на ден 09.02.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2023 година**

**1.** Се усвојува Годишниот извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита за 2023 година, бр.09-125/1 од 02.02.2024 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 124/10
09.02.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за "Св.Трифун 2023" година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за "Св.Трифун 2023" година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 09.02.2024 година.

Број 09 –145/9
12.02.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXXI седница одржана на 09.02.2024 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Извештај за "Св.Трифун 2023" година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за трошоци по Програма за организирање на манифестацијата "Недела на традицијата Св.Трифун 2023 година" – Демир Капија.

2. Извештајот е составен дел од овој заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 124/11
09.02.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Општина Демир Капија**
Сектор за Урбанизам, комунални дејности,
заштита на животната средина и локален економски развој
Уп.I 10-195 од 31.01.2024 год.

ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Демир Капија, Сектор за урбаниза, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економскиразвој, согласно член 84 од Законот за општа управна постапка (,,Сл.весникна РМ,,бр.124/2015 год. и бр.65/2018 год.), објавува дека по барање на инвеститорот Татјана Шедлер ул.Партизанска бр.67 Демир Капија, издаде одобрение за градење на објект од Втора категорија- индивидуален станбен објект, на кп.бр.4655/1 КО.Демир Капија.
Георгијевски Божин Драган ул.,,Н.Русински,, бр.3/2 Скопје,како сопственик на кп.бр.4655/2 КО.Демир Капија, на адреса добиена од АКН како непосреден сосед беше известен за донесеното одобрение, но со оглед да истиот има недоволна адреса, ја правиме оваа јавна објава за негово запознавање.
Доколку не се јави или не назначи полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Градоначалник
Лазар Петров